РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул„7-ми септември" бр.4 кон.тел: 045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **31.01.2012година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 1 – 2012 год**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот**

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на кваралeн извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за четврт кваратал К1 и квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за четврт квартал К2**

**Се прогласува Заклучокот За усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за четврт квартал К1 и квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за четврт квартал К2, што Советот на општина Македонски Брод го донесе на седницата одржанана ден 26.01.2012година.**

**Бр.08- 70/ 9**

**31.01.2012год**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 44 од Статутот на општина Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на кварталeн извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за четврт квартал К1 и квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за четврт квартал К2**

1.Советот на општина Македонски Брод го усвои квартален извештај за извршвање на Буџетот на општина Македонски Брод за четврт квартал К1 и квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за четврт квартал К2 .

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07- 70/3
26.01.2012година

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Програмата за работа за 2012 година на општинската установа „Дом на култура”-**
**Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод ја усвои Програмата за работа на општинската установа „Дом на култура”-Македонски Брод за 2012година.

2.Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07- 70/4
26.01.2012година

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ОДЛУКА за давање на согласност на Статутот на општинската установа "Дом на култура" – Македонски Брод**

Се прогласува **ОДЛУКА за давање на согласност на Статутот на општинската установа "Дом на култура" – Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012 година.

Бр.08- 70/9
31.01.2012година

Општина Македонски Брод
Г р а д о н а ч а л н и к
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012година донесе

# О Д Л У К А

**За давање согласност на Статутот на општинската установа „Дом на култура”- Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод дава СОГЛАСНОСТ на Статутот на општинска установа „Дом на култура” --Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор на ОУ Дом на култура – Македонски Брод бр.03-273/ 4 од 01.12.2011година.

2.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07- 70/5
26.01.2012година

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ОДЛУКА за издавање на простор под закуп за поставување на апарат „Кафе -Мат " во општинската зграда на општина Македонски Брод**

Се прогласува **ОДЛУКА за издавање на простор под закуп за поставување на апарат „Кафе -Мат " во општинската зграда на општина Македонски Брод ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012 година.

Бр.08- 70/9
31.01.2012година

Општина Македонски Брод
Г р а д о н а ч а л н и к,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 јануари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За издавање на простор под закуп за поставување на апарат „Кафе -Мат " во општинската зграда на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на општина Македонски Брод донесе Одлука за издавање на простор под закуп за поставување на апарат ,,Кафе -Мат " во општинската зграда на општина Македонски Брод.

**Член 2**

Се задолжуваат службите на општина Македонски Брод да спроведат оглас за издавање на простор под закуп за поставување на ,,Кафе -Мат " во објектот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Просторот за поставување на апарат за Кафе –мат , утврден во член 1 од оваа Одлука се отстапува на користење со надоместок.

Правата и обврските за користење на просторот ќе се регулираат со посебен Договор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Број 07- 70/ 6**
**26.01.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на ОДЛУКА за отстапување на движни ствари на ЛД„Песјак“- Македонски Брод на трајно користење без надоместок**

Се прогласува **ОДЛУКА за отстапување на движни ствари на ЛД„Песјак“- Македонски Брод на трајно користење без надоместок,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012 година.

Бр.08- 70/9
31.01.2012година

Општина Македонски Брод
Г р а д о н а ч а л н и к
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 јануари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За отстапување на движни ствари на ЛД„Песјак"- Македонски Брод на трајно користење без надоместок**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Ловнато друштво „Песјак"- Македонски Брод му се отстапуваат на користење движни ствари на трајно користење без надоместок и тоа:

- железни кревети –двоспратни ---------------------- 20 парчиња
- душеци ------------------------------------------------ 20 парчиња
- ќебиња ------------------------------------------------ 40 парчиња
- маси-------------------------------------------------- 10 парчиња
- столици ----------------------------------------------- 30 парчиња

- и друга опрема за припремање на храна која може да се стави во функција на ловечката куќа а која не се употребува во интернатот на СОУ„Св.Наум Охридски" - Македонски Брод или во другите општински установи при општина Македонски Брод.

**Член 2**

Движните ствари, утврдени во член 1 од оваа Одлука се отстапуваат на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Број 07- 70/ 7**
**26.01.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на чл.36 ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски 2/03 ) по доставено барање од ДООЕЛ„Анастасија еден” - од Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.01.2012 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод не го прифати барањето за донесување на одлука за одобрување на меѓусебна соработка на ДООЕЛ„Анастасија еден” - од Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација” - М.Брод поради ненадлежност .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод

**Бр.07- 70/8**
**26. 01.2012година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за четврт квартал К1 и квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на Општна Македонски Брод за четврт квартал К2 .......................стр.2

Заклучок заусвојување на програмата за работа за 2012 година на општинската установа „Дом на култура“-Македонски Брод..................................................................стр.3

Заклучок за прогласување на ОДЛУКА за давање на согласност на Статутотна општинската установа „Дом на култура“ – Македонски Брод.........................................стр.4

Одлука за давање согласност на статутот на општинската установа „Дом на култура“ – Македонски Брод..........................................................................................стр.5

Заклучок за прогласување на одлука за издавање на простор под закуп за поставување на апарат „кафе-мат“ во општинската зграда на општина Македонски Брод.........................................................................................................................стр.6

Одлука за издавање на простор под закуп на апарат „кафе-мат“ во општинската зграда на Општина Македонски Брод.........................................................................стр.7

Заклучок за прогласување на одлука за отстапување на движни ствари на ЛД„Песјак“- Македонски Брод на трајно користење без надоместок..............................стр.8

Одлука за отстапување на двуижни ствари на ЛД„Песјак“ – Македонски Брод на трајно користење без надоместок..........................................................................стр.9

Заклучок.............................................................................................стр.10